Алијанса на Македонските Бугари-движење
за национално единство и спас
**АМБ-ДНЕС** Куманово
Бр. 07/28 - 221
28-07 2022 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: / E pranuar: | 28. 07. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| | | | |

До :
Собрание на Република Северна Македонија
-П**ретседател на комитет за односи меѓу заедниците**
Булевар „11сти Октомври„ бр. 10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Врз основ на член 9 став 7 и член 10 од Законот за комитет за односи меѓу заедниците (Службен весник број 150 од 12.12.2007 година) , до Претседателот на комитетот за односи меѓу заедниците на Собранието на Република Северна Македонија , Јас Драган Цветковски , Претседател на Алијанса на Македонските Бугари – движење за национално единствио и спас АМБ – ДНЕС Куманово ул. Народна Револуција бр 30/1-1 Куманово , е-маил: contact@alijansa.org ја поднесувам следнава:

# М О Л Б А

Почитуван ,

Од страна на Државниот завод за статистика беа објавени резултати од спроведениот попис од 2021 година , при што меѓу другото е објавено дека од вкупното резидентно населениево Република Северна Македонија, однив вкупно 53.201 граѓани покрај државјанство на Република Северна Македонија имаат и државјанство на некоја друга држава , при што од нив вкупно **19.645** граѓани (или вкупно **37%** од нив) се изјасниле дека покрај државјанство на Република Северна Македонија имаат и **државјанство на Република Бугарија** .

Исто така , од страна на Државниот завод за статистика е објавено дека од вкупното резидентно населениево Република Северна Македонија, **3.504** од нив се чуствуваат како **Бугари** , од кои што **1.519** од нив како **мајчин јазик** го зборуваат **Бугарскиот јазик.**

Од погоре наведените и претходно званично објавените резултати од страна на Државниот завод за статистика , може да се констатира дека во Република Северна Македонија , помеѓу вкупното резидентно население **реално и стварно** постојат граѓани кои што припаѓаат на **Бугарската заедница** .

Врз тој основ , а заради иплементација на принципот на **соодветна и правична застапеност** на граѓаните кои припаѓаат на **сите заедници** во органите на државната власт и во сите други јавни институции на сите нивоа , Ве молам од редот на актуелните членови на комитетот за односи меѓу заедниците во собранието на Република Северна Македонија , во спроведена соодветна постапка **да назначите времен вршител на должноста Пратеник – кој што во комисијата и во собранието ќе ги застапува правата и интересите на граѓаните на Република Северна Македонија кои што припаѓаат на Бугарската заедница.**

На мислење сум дека со овој чин , ќе се допринесе до започнување на процесот на остварување на општите и посебните права на сите граѓани на Република Северна Македонија кои што припаѓаат на **Бугарската заедница**, до развојот на мултикултурната и мултиетничката димензија на нашето општество , до зајакнувањето на вистинскиот соживот на сите граѓани на Република Северна Македонија како и до јакнењето на парламентарната демократија на нашата земја .

Длабоко сум убеден дека со позитивен одговор на оваа моја Молба ќе се испрати одличен импулс кој што позтивно ќе се одрази во актуелните евроинтегративни процеси како и дека ќе допринесе до промивирање и зајакнување на добрососедските односи помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија , што само посебе претставува еден од основните услови за зачленувањето на нашата земја во европската унија .

Со надеж дека позитивно ќе одговорите на оваа моја молба , однапред сум Ви благодарен .

Ве молам балговремено писмено да бидам известен за резултатите од Вашето постапување .

Куманово 28.07.2022 година

Со почит,

Драган Цветковски
Председател на АМБ – ДНЕС

Алијанса на Македонските Бугари-движење за национално единство и слава
АМБ-ДНЕС
Куманово